Врз основа на Деталниот урбанистички план, и направени анализи за потребна едновремена ел. снага, предложени се18 (осумнаесет) можни локации за нови трафостаници, (покрај 14 постојни трафостаници од кои 4 се дислоцираат), со можност во нив да се предвидат трансформатори со снага од 1000 kVA .

Постојната среднонапонска и нисконапонската ел. мрежа не може да го прифати оптоварувањето од новопредвидените објекти, и истата е потребна целосно да се реконструира.

Точниот број и точната локација на новопредвидените трафостаници во локалитетот ќе се определи во понатамошниот тек на изработка на техничката документација односно со изработка на Урбанистички проекти, идејни и главни проекти за ел. мрежа во локалитетот.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Новопредвидените сообраќајници во локалитетот, во поглед на светлотехничките карактеристики се класифицираат во следните класи:

- КЛАСА "А 2" (Б1) – главни градски сообраќајници
- КЛАСА "Б 2" (С) - споредни, локални сообраќајници
- КЛАСА "D" - паркинг простори.

Со следните светлотехнички параметри:

"А-2" (В-1)

- сјајност на коловозот	Lm = 2–3 cd/m^2
- просечна рамномерност	J Lm = 40 %
- висина на монтажа на светилките	H= 10-12 m.
- светлосен извор	NaVT= 250 (VTFE-400)
- начин на поставување	двореден.

"В-2" (С)

- сјајност на коловозот	Lm = 1–1,5 cd/m^2
- средна погонска осветленост	Esr = 15-25 Lx
- просечна рамномерност	jr = 40 %
- висина на монтажа на светилките	H = 8 (10) m.
- светлосен извор	VTFE= 250 W
- начин на поставување	еднореден.

"D" – паркинг простори

- средна погонска осветленост	Esr = 10-20 Lx
- просечна рамномерност	jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките	H = 8 (10) м.
- светлосен извор	VTFE= 250 W
- начин на поставување	двореден.

8.4. ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот: стан-телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговско деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучока, или на секои 100 м^2 по два телефонски приклучока.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 3000 телефонски приклучоци за домување и околу 1100 телефонски приклучоци за јавни функции, односно вкупно околу 4100 телефонски приклучоци кој ќе се приклучат на најблиската автоматска реонска телефонска централа (ЧАИР).

8.5. ХОРТИКУЛТУРЕН ПЛАН

Зеленилото во склоп на домувањето да се реши со високо и ниско зеленило, односно трева и декоративни грмушки и парковското зеленило зимзелени и листопадни дрвја.

На сообраќајниците се предвидува да се засадат дрвореди. Зеленилото во склоп на урбанситичкиот зафват има повекекратна намена и тоа:

- зеленилото придонесува за уредување и оплеменување на просторот,
- зеленилото придонесува за подобрување на микроклиматските услови во населбата,
- зеленилото придонесува за заштита на животната средина.

За уредување на зеленилото потребно е просторот да се исчисти од шут и отпаден материјал ако е потребно да се насипе плодна земја, агротехнички обработи па потоа пристапи кон садење на тревата и високата вегетација.

Вегетацијата што се планира да се засади со дендролошката легенда треба да е расаднички школована со правилна оформена крошна и развиен коренов систем.

Организирани зелени површини за ниво на населбата има малку но се надокнадува со зелените површини во склоп на домувањето односно во внатрешноста на блоковите.

9. ПАРАМЕТРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

9.1. Изградба на нови објкети во границите на урбан опфат, изградба на комунални објекти и инсталации, како и вкупното просторно, уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на урбанизмот и градежништвото, како и овие Параметри што се составен дел на овој план.

9.2. Во населбата, во рамките на зоната за домување, определена со урбанистички план, согласно законот, се организираат: урбани блокови, станбени објекти – структури со дворови.

Урбаните блокови за станбени објекти – структури со дворови, се наменети за организирање станбени објекти со поголем број станови со заеднички двор (блокови, кули, затворени или делумно затворени блокови, куќи поврзани во блок, терасасти и други структури).

9.3. Параметрите во донос на процентот на изграденост, како и коефициент на искористување на земјиштето се во рамките на дозволените параметри согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот - член 15 и 16 (Сл. весник на Р.М. бр. 2/02) и член 4 и 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

Наведените параметри се дадени во табеларен приказ во „Синтезен графички прилог – намена на површини и објекти, планиран развој за секоја парцела поодделно.

9.4. Во урбанистичкиот план со градежни линии се ограничува максималната површина за изградба на објекти во рамките на урбанистичката парцела и се назначува растојанието од регулационта линија (главна – надворешна градежна линија), односно од границата на парцелата (помошни – внатрешни градежни линии).

9.5. При планирањето на максималната височина на содржините во урбанистичкиот план, се утврдува максималната височина во метри.

Височината на објект се определува од нивото на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека (нулта кота) до завршниот венец на објектот (за рамни терени).

При планирањето, максималната височина на новопредвидените стамбени објекти – структури изнесува 16,20 метри. При утврдување на максималната височина на објектите, земено е едно ниво во стамбените објекти со максимална височина (конструктивна височина) 3 метри.

За станбените објекти котата на првото ниво во однос на теренот изнесува максимум 1,20 метри.

9.6. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволена висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во м'. Од оваа висина на слемето отстапуваат само линиските вертикални технолошки инсталации.

9.7. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 4,5 м' над максималната или дозволена висина на изградба.

9.8. На калканските ѕидови не може да се постават отвори – прозорци, светларници, вентилациони и инсталациони окна надвор од рамнината (градежната линија) на објектот.

9.9. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микроклиматски услови треба да се води сметка за смецифичностите на прирачните градежни материјали, традиционалните вредности и културата во градењето. Порај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициски линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопствениците и креативноста на архитектот.

9.10. До секоја урбанистичка парцела се обезбедува посебен пристап со возило од улицата на која таа се евидентира.

9.11. Пешачките улици и тротоарите се обработуваат – поплочуваат со материјали кои јасно го раздвојуваат пешачкото движење од движењето на возилата. Максимално да се избегнува обработка на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали кои немаат влијание врз животната средина.

Ивичниците кои го одвојуваат движењето на возилата од пешачкото движење да се планираат, проектираат и уредуваат со оборена ивица во однос на сообраќајницата.

9.12. При изработка на урбанистичките проекти за да се добие Одобрение за градба треба да се задоволат сите параметри пропишани со законот во рамките на урбанистичката парцела.

9.13. Согласно член 15, став 3 од Правилникот за уредување на просторот (Сл.весник на Р.М. бр. 2/02 и 50/03) според потребите на инвеститорот објектите може да се градат етапно, во рамките на површината за градење и предвидената максимална висина, при што решението треба да преставува урбанистичко архитетконска целина.

Проектната документација го преставува објектот во целина, согласно планската документација, со заеднички двор и заедничко паркирање.

Етапното градење може да биде по хоризонтала (со примена на надоврзување на ламели) или по вертикала (по нивои).

Сите здружени катастарски парцели во една урбанистичка парцела здружени во блок формираат заеднички двор и заедничко паркирање а само изведувањето на објектите може да биде етапно.

9.14. Оградувањето на урбанистичките парцели не се дозволува, заради оформување на заеднички површини за одмор и рекреација.

9.15. Се дозволува изградба на станбен потпокрив на постојните заеднички стамбени објекти со равен кров, заради заштита на истите, со габарит идентичен на постојниот.

ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПАТИШТА

9.16. Сообраќајот кој го опслужува урбаниот опфат, а е третиран со ГУП на град Скопје од 2002 година во планот е презентиран согласно дадените смерници од наведениот ГУП.

Останатата сообраќајна мрежа во урбаниот опфат е планирана и димензионирана согласно член 32; 33 и 35 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р.М. бр. 2/02).

9.17. Паркирањето односно гаражирањето на автомобилите се решава во рамките на градежната парцела.

За определување на минимален број на паркиралишни места се применуваат следните нормативи(член 9 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот – сл. весник на Р.М. број 50/03).:

- за стамбени објекти, на 100 $м^2$ бруто површина – 1 паркинг место;
- за административно-деловни простори и трговија на 50 $м^2$ - 1 паркинг место;
- за магацини, индустрија на 120 $м^2$ 1 паркинг место;

9.18. Кога паркирањето на возилата се решава во затворен – гаражен простор под нивото на теренот (гаражи – паркинг) во рамките на урбанистичката парцела, според потребите на проектот може да се утврди подземна градежна линија, оддалечена минимум 1 метар од соседните урбанистички парцели.

9.19. Точната место положба на пристапните рампи за паркинг просторите под нивото на теренот ќе се утврди преку изготвени урбанистички архитектонски проекти на содржините во урбанистичките парцели, со задолжително почитување на законската регулатива.

ПАРАМЕТРИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ЗАСОЛНУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

9.20. При планирање на објекти и содржини во рамките на урбанистичките планови за градските населби се предвидуваат локалитети за јавни засолништа, со користење на подземни премини, подземни паркиралишта и други простори.

Во планската документација засолништата треба да се третираат како двонаменски, со тоа што второстепена намена ќе биде засолнувањето. Во објектите треба да се предвиди можност за користење во услови на воена опасност на дел на визбените простории во функција на засолнување на населението.

9.21. При изработка на урбанистичките планови треба да се предвидуваат плански мерки за заштита од пожари, со планирање на сообраќајната мрежа за достапност до сите објекти или со организирање хидрантска мрежа за оптимално гасење на пожари.

ПАРАМЕТРИ ЗА ДВИЖЕЊЕ ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА

9.22. При изработка на урбанистичкиот план треба да се предвидат плански мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизирани-хендикепирани лица.

Јавните пешачки површини, улиците, пристапите до јавните содржини и станбените блокови мора да бидат планирани и изведени на начин на кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или количка, инвалидски автомобил и други помагала (звучни сигнали за лицата со оштетен вид, светлосни сигнали за лицата со оштетен слух и сл.), нормално одвивање на секојдневните активности.

9.23. За совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи.
Рампа во смисол на став 1 на овој член се смета цврста, израмнета, рапава површина која поврзува два нивоа со наклон од 1:20 (5%), а максимален наклон изнесува 1:12 (8,33%). Минимална широчина на рампата изнесува 1,30 метри, а слободните страни се заштитени со ограда чија височина изнесува 0,90 метри.

9.24. На печаки премини тротоарот мора да биде закосен за широчината на преминот, а површината на закосувањето и површината во широчина на еден метар пред закосувањето мора да биде изведена со поинаква површинска обработка.

ПАРАМЕТРИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ И ОКОЛНИОТ ПРОСТОР

9.25. Во процесот на уредувањето на просторот перманентно треба да се применуваат мерки за одржување на содржините во урбаната средина, како и соодветни мерки за заштита на елементите на животна средина. Тоа се врши со постојано одржување на фасадата на објектите во зависност од фасадната обработка, како и одржување на улиците, тротоарите, плоштадите, оформување и одржување на зелени површини, инсталациите, делот каде се лоцирани контејнерите за смет и сл.

Потребна е постојана активност на сопствениците и корисниците на објектите како и на комуналните претпријатија за постојано одржување на хигиената на објектите и околниот простор на соодветно ниво.

9.26. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации, ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување градски инсталации,табли со имиња на улици и сл.

9.27. Заради подобрување на безбедноста на сообраќајот треба да се организира дислоцирање на контејнерите за смет од површините на улиците и тротоарите и да се постават на посебно поплочени површини наменети за контејнери со оптимална хигиена на тие места. Притоа, растојанието од објектот до местото за контејнери треба да биде минимум 10 метри.

9.28. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној, што ќе го евакуира ѓубрето во регионална, односно општинска депонија.

9.29. Остранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци ќе го вршат директно на своја сметка причинителите на истите и тоа директно во регионалната (општинската) депонија под услови кои ќе ги одреди управувачот или сопственикот на депонијата.

9.30. Сите параметри за уредување на просторот во урбаниот опфат кои не се опфатени во приложените параметри за уредување на просторот во овој ДУП да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл.в. на Р.М. бр. 2/02) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл.в. на Р.М. бр. 50/03).

KOMUNA E ÇAIRIT ОПШТИНА ЧАИР

SEKTORI PËR URBANIZËM, ÇËSHTJE KOMUNALE DHE MBROJTJE TË MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Nr./Бр. 11-1/208-2 prej/од 18.06.2026 г.

ÇERTIFIKATË E PDU -ИЗВОД ОД ДУП

PDU / ДУП: _,, *PËR PJESË TË BUTEL - 2*,,
,, *ЗА ДЕЛ ОД БУТЕЛ 2*,,

Vendimi / Одлука nr.бр.: ***Бр. 07-71.***

nga data / од : ***22.02.2002 год.***

Dedikimi i ndërtimit / Намена на градба:
/

Moduli urban /Урбан Модул : /
Parc.ndërtimore /Град.парцела: /

RR./Ул: Х.Т.Карпош **Nr. Бр. : /**

KK /КО: *Чаир* **PK ,КП: /**

M= 1:1000

TREGUESI GRAFIK PËR PARCELËN NDËRTIMORE:
ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА :

TË DHËNAT E PËRGJITHSHME URBANISTIKE – ARKITEKTONIKE
ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО - АРХИТЕКТОНСКИ ПОДАТОЦИ

- Dedikimi /
- Намена /

- Sipërfaqja sipas dedikimit
- ПоврШина по намена /

- Siperfaqja e parcelës
- ПоврШина на парцела /

- Siperfaqja maksimale e gabaritit
- Макс. поврШина на габаритот /

- Përqindja e ndërtimit
- Процент на изграденост /

- Siperfaqja maks. e ndertuar në kate
- Макс.изградена пов. по катови /

- Koeficienti i shfrytëzueshmërisë
- Коефициент на искористеност /

- Lartesia maksimale e lejuar deri te kurora
- Макс. Висина до венец: /

- СообраЌајни услови: Според правилникот за стандарди и нормативи при планирање.
- Kushtet e komunikacionit

  Други услови:

  НАПОМЕНА:На место од постојните заеднички станбени објекти не е извршена парцелација на вакви објекти кои се изградени во 70 тите години кога не се вршеше парцелација на вакви објекти, така да сега истото истото би придонесело до нарушување на односите меѓу граѓаните, така да сите објекти се третирани како да се наоѓаат на една парцела. _____

Në bazë të këtyre të dhënave urbanistike-arkitektonike, është e nevojshme që të përpilohet projekt bazë për objektin në pajtim me dedikimin që është caktuar me plan, i cili është i nevojshëm për marrjen e Lejes për ndërtim.

Според овие урбанистичко-аритектонски податоци потребно е да се изготви основен за градбата согласно намената утврдена со планот кој е потребен за добивање на одобрение за градење.


Në pajtueshmëri me nenin 15,pika 1, nga Ligji për taksa administrative (“Gazeta zyrtare e RM” nr. 6/2010, 145/10, 17/11, 84/12),Organet Shtetërore janë të liruar nga pagesat e taksave administrative.

Согласно членот 15, точка 1, од Законот за административни такси (,,Службен весник на РМ,, бр. 6/2010, 145/10, 17/11, 84/12), Државните органи се ослободени од плаќање на административна такса.

Grafikisht përpiloi
Графички изготвил:
Jeton Nevzadi, I.D.A

Udhëheqës/ Раководител

Xhengis Hani


УЛИЦА „II МАКЕДОНСКА БРИГАДА"
УЛИЦА „ВЕНЕЦИЈА"
УЛИЦА „ЈОВАН ДИЈАКОВИЌ"
УЛИЦА „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ"
ТС-100/0,4 kV
ТС-100/0,4 kV план
ТС-100/0,4 kV
кабел 10 kV
кабел 35 kV
телефонски кабел
1 ПО
2 ОУ
3 ЗД
4 ОП
5 КД
6 ДИ
7 ЗП
ЗО
ЗС
СГ
1.1 Нмах=12,0м
2.1 Нмах=14,0м
3.1 Нмах=12,0м
4.1 Нмах=16,0м
Нмах=19,0м
ГЛ гаражи
ГЛ
РД
ВР
ПР
КИНО БУТЕЛ
МАКСИМАРКЕТ
ILENTRO
СУПЕРМАРКЕТ
ГАЛЕРИЈА
ЗАНАЕТЧИСКА РАБОТИЛНИЦА
ЗАНАЕТЧИСКА РАБОТИЛНИЦА
ЗАНАЕТЧИСКА РАБОТИЛНИЦ

10. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД БУТЕЛ II (ДЕЛ ОД МЗ 46) - ОПШТИНА ЧАИР

Одредбите за спроведување на Планот и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејство само врз градителската активност, која ќе следи по стапувањето во сила на Деталниот урбанистички план.

Објекти евидентирани на ажурирана геодетска подлога во Документационата основа, изградени или во градба со валидна техничка документација, според условите од претходниот Детален урбанистички план, односно важечките подзаконски акти, се третираат како постојна состојба.

За објектите кои се евидентирани на ажурирана геодетска подлога во Документационата основа на планот, изградени или во градба без валидна документација, според одлуката на Комисијата на Подрачната единица на Министерството за урбанизам и градежништво во Извештајот од јавната анкета, ќе се применуваат услови за градба според изведената состојба на денот на усвојување на планот.

Одредбите за спроведување на Планот се дефинирани како општи и посебни.
Со Општите одредби се уредуваат условите за градба на целата територија во рамките на утврдената граница на зафатот, односно урбаното подрачје, освен во случаите каде што со посебните одредби не е одредено поинаку. Посебните одредби за спроведување на Планот се однесуваат на секој урбан модул или објект поединечно.

1. Општи одредби

Член 1

(1) Со овие одредби поблиску се уредува спроведувањетто на ДУП за дел од Бутел II, (дел од МЗ 46) - Општина Чаир.
Во одредбите се разработени постапките што треба дополнително да се извршуваат при спроведување на ДУП, а кои не се обработени во текстуалниот и графичкиот дел на елаборатот.

(2) Одредбите со текстуалниот дел на ДУП и со графичките прилози сочинуваат една целина и обврзна е нивната примена.

Член 2

(1) Изградба на нови, доградба, надградба, реконструкција и адаптација на постојните објекти, изградба на комунални објекти и инсталации како и вкупното уредување на подрачјето опфатено со планот ќе се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на

градежништвото и урбанизмот како и овие одредби што се составен дел на планот.

Член 3

(1) Одделни поими и изрази употребени во текстуалниот дел на ДУП го имаат значењето утврдено согласно Законот за Просторно и урбанистичко Сл. Весник на РМ бр: 4/96, Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање дадени во Сл. в. на РМ бр: 28/97, 18/99 и 53/01)

(2) За спроведување на планот важат сите стандарди и нормативи пропишани со :

-Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Сл. весник на РМ."бр.69/99);

-Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Сл. весник на РМ бр:, 102/00)

-Правилник за стандарди и нормативи за проектирање на објекти(Сл. весник на РМ."бр.69/99);

-Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. весник на РМ бр:, 102/00), доколку поинаку не е определено со одредбите.

Член 4

Регулациона линија

(1) Регулационата линија е линија на разграничување меѓу градежната парцела и јавната сообраќајна површина.

(2) Сообраќајниот коридор е определен со две вертикални рамнини чии што пресеци со рамнината на теренот се регулационите линии кои ја определуваат ширината на коридорот. Просторот над и под површината на сообраќајницата и припаѓа на сообраќајницата и се користи на начин уреден со Закон.

(3) Навлегувањето на објектите и деловите на објектите во сообраќајниот коридор, над и површината на партерот, се уредуваат со одредбите за спроведување на Планот.

Член 5

Градежна линија

(1) Градежна линија е линија која ја определува границата до која може да се гради објектот.

(2) Градежна линија претставува пресек на вертикалната рамнина со рамнината на теренот и го дефинира просторот за изградба на нивелетата на партерот до дозволената висина на градба.

(3) Секаде каде што градежната линија се поклопува со регулационата линија постои обврска фасадниот ѕид од објектите да се постави токму на вертикалната рамнина која што е одредена со градежната линија.

(4) Секаде каде што градежната линија и регулационата линија не се поклопуваат, а градежната линија е поставена во урбанистичката парцела, таа ја претставува границата до која може да се поставуваат објектите.

Член 6

Дозволени отстапувања

(1) Отстапувањата во однос на градежната и регулационта линија да се применуваат согласно законот и Правилниците.

Член 7

Површина за изградба

(1) Површината за изградба е простор во градежното земјиште наменето со планот за градба дефиниран со градежни линии од сите страни. Во една градежна парцела површината за изградба покрај градежните линии ја дефинираат и границите на урбанистичката парцела.

(2) Во една урбанистичка парцела може да има само една површина за изградба, односно може да се гради според одредбите на овој план само еден објект.

(3) Доколку површината за изградба дефинирана со овој план во една урбанистичка парцела не се поклопува со постојниот објект во парцелата, градењето во површината за изградба е обусловено со рушењето на постојниот објект. До остварувањето на правото за градба во површината за градба дефинирана со овој план, постојните објекти во урбанистичката парцела кои делумно или целосно се вон површината за градба и поседуваат документација за својата легалност регуларно се владеат и се одржуваат во исправна и веродостојна состојба со урбани санациони мерки.

(4) Доколку во една урбанистичка парцела постојниот објект со површината на својата основа навлегува во површината за изградба со повеќе од 50%, можно е вклопувањето на постојниот објект со неизменет просторен габарит и димензии во објектот кој ќе се реализира според одредбите и на површината за изградба дефинирана со овој план.

(5) Фазна изградба на објекти во рамки на една градежна парцела е можна само врз интегралната површина за градба со делумно искористување на максималната дозволена висина на изградба.

(6) Конструкцијата и инфраструктурите на фазната градба, како и површините за паркирање мораат да бидат димензионирани и проектирани за да може да се реализира целата со планот предвидена висина на изградба.

(7) Делумна изградба на со планот дефинираната површина за градба во рамки на една градежна парцела е можна, кај поголеми површини за изградба

и тоа само доколку е можно оформувањето на логични и оправдани архитектонски делови и доколку со проектна документација се докаже дека реализацијата на првиот дел од површината за градба не ја попречува целосната реализација на планираната површина за изградба.

Член 8

Максимална и дозволена висина на изградба

(1) Максималната или дозволената висина на изградба изразена во должни метри се дефинира како висина на завршниот венец на објектот во однос на котата на тротоарот - таму каде што градежната линија се поклопува со регулационата, или во однос на котата на тротоарот на објектот (партерот) - таму кадешто градежната линија и регулационата линија не се поклопуваат. Доколку е теренот во пад или има поголеми денивелации на партерот околу површината за изградба, максималната или дозволената висина на изградба се рачуна од највисоката кота на партерот околу објектот.

(2) Максималната висина на изградба дефинирана со овој план е дадена условно за секој објект. Правото да се гради до дадената максимална висина на изградбата се реализира доколку се исполни условот да се обезбеди паркирање и гаражирање на потребниот број на возила во рамките на секоја урбанистичка парцела, поединечно или во рамките на здружена група на урбанистички парцели.

(3) Доколку со проектна документација не се докаже дека се исполнети условите за постигање на максималната висина на изградба дефинирана со овој план, управниот орган надлежен за работите на урбанизмот ја одредува дозволената висина на изградба која е помала од максималната висина на изградба за вредност изразена во должни метри во која влегува цел број на просечни спратни височини за дадената намена. Дозволената висина на изградба се пресметува според критериумите дадени во одредбите за спроведување на планот.

(4) Горниот венец е секогаш во вертикаланта рамнина определена со градежната линија, па максималната и дозволената висина на изградбата ја ограничуваат вертикалната изградба на објектот.

(5) Од максималната или дозволената висина на изградбата отстапуваат кулни надвишувања до една спратна височина доколку не преоѓаат 20% од површината за изградба (основата на објектот) кај аголните објекти; кровни бањи и натскриени лоѓи и тераси до една спратна височина доколку зафаќаат помалку од 40% од должината на горниот венец; сите архитектонски композициски и декоративни елементи со кои не се обзидува, ниту на било кој начин овозможува создавање на затворен користен просторот над горниот венец, сите инсталациони канали, вертикални комуникации и технолошки инсталации неопходни за функционирањето на објектот.

Член 9

Процент на изграденост

(1) Процентот на изграденост на локацијата е однос меѓу бруто површината под објект и површината на парцелата помножена со 100.
(2) Процентите на изграденост се далеку под максималните
(3) За повеќемејните колективни станбени објекти процентот на изграденост во планот е до 25%,
(4) За трговско деловни објекти до 50%

Член 10

Коефициент на искористување

(1) Коефициентот на искористување на земјиштето е однос меѓу бруто развиената корисна површина на сите нивои на објектот, без подземни гаражи и паркинзи, визбени простории и површината на парцелата.
(2) Коефициентот за станбено-деловни објекти во планот е до 1,2
(3) Коефициентот за деловни објекти во планот е до 1,5
Овие коефициенти се далеку од пропишаните за ваков вид на содржини.

Член 11

Обележување на модули, парцели и објекти

(1) Обележувањето е спроведено со номенклатура во децимален број со арапски бројки. Со оглед да просторот е еден урбан модул, првата бројка ја означува парцелата, а втората - објектот.

Член 12

Класи на намени

(1) Намената на површините за изградба е определена со 5 класи на намени:

А. Домување
Во оваа класа на намена, во планот, влегуваат заедничките станбени објекти-структури

В - Јавни објекти
Во оваа класа влегуваат објектите од здравството, образованието и локалната управа.

В - Спорт и рекреација
Во оваа класа на намени влегуваат детските игралишта во склоп на домувањето и спортските терени во склоп на основното образование.

Ф - Зеленило
Во оваа класа на намена влегуваат парковското зеленило, зеленилото со ограничено користење, станбеното зеленило, цветните површини и дрвореди.

Г - Сообраќајни површини
Во оваа класа влегуваат коловозите, тротоарите, паркинзите, просторите пред гаражните простори и пешачките патеки.

Насоки за спроведување на утврдените класи на намени:

- При издавањето на Решението за услови за градба можат да се посочуваат алернативни класи на намени дадени со Планот;

- Со проектот за реализација се прикажуваат конкретни класи на намени, при што се обезбедуваат услови во фаза на експлоатација да нема мешање на намени по етажи;

- За постојните објекти, до реализацијата на Планот, може да се врши пренамена во согласност со класи на намени и услови утврдени со одредбите на овој план.

- За сите урбанистички парцели е потребно да се изработи урбанистички проект, при тоа почитувајќи ги постојните закони и нормативи.

Член 13

Фасади

(1) За задоволување на естетскиот изглед на уличната фасада еден од условите е да се почитуваат дозволените граници на изградба.

(2) Во компонирање на фасата треба да се тежнее кон нивно максиално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

(3) Обработката на фасадите да биде од цврст материјал во склад со традицијата на поднебјето. Употребата на квалитетни и трајни материјали допринесува за оформување на околниот амбиент.

(4) Пожелно е фасадите да се предмет на разработка уште во урбанистичкиот проект.

Член 14

Кровови

(1) Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само вертикалните технолошки инсталации.

(2) Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план со длабочина на површината за изградба (основа на објектот) до 16 м. е до 5,0 м. над максималната или дозволената висина на изградба. Висината на слемето на објектите со длабочина над 16 м за јавна или специјална намена ја одредува органот надлежен за работите на урбанизмот врз основа на намената и конструктивното решение на објектот.

(3) Доколку објектот има стреа, косината на кровот може да биде најмногу 30^0. Доколку косината на кровот почнува од горниот венец на објектот, таа може да биде најмногу 60^0. Во дозволената силуета на кровот дадена со дозволените коси и слемето на кровот, можно е формирање на мансардни кровови, поткровни простори, тераси, рамни кровови, скалесто повлекување и др., при што дозволата за градење и искористување на поткровни површини се дава ако се исполнат истите услови како за нето корисната површина до максималната висина на изградба.

Член 15

Калкани

Калканските ѕидови што ќе се појават во текот на примена на планот, треба да бидат третирани со финална фасадна обработка.

Член 16

Огради

(1) Оградите да се изведуваат согласно член 26 од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот.

(1) Забрането е оградување на парцели кон сообраќајниот коридор кај коишто растојанието помеѓу градежната и регулационата линија (длабочина на предните дворови) е помала од 3 м. при реализација на градбите според овој план сопствениците се должни овој простор да го остават неограден и да го обработат како јавна пешачка површина.

Член 17

Урбана опрема и дрвореди

Пешачките и колско-пешачките површини се финализираат со соодветни квалитетни обработки.
Обогатувањето на просторите со урбана опрема да се решава со урбанистички проект.
Површините за игралишта да се опремат со реквизити: песочници, нишалки, клацкалки, качувалки и слично. За овие простори да се изработи урбанистчки проект.

Член 18

Бариери

(1) Во третманот на пешачките површини и пристапи кај јавните површини не треба да постојат пешачки бариери за движење на хендикепирани лица.

Член 19

Паркирање и гаражирање

(1) Паркирањето и гаражирањето во рамките на утврдената поединечна урбанистичка парцела или група на парцели на кои се гради еден блок, е основниот услов за достигањето на максималната висина на изградба. Бројот на потребните паркинг и гаражни места се рачуна според нормативот 1 паркинг место /70 м2 нето станбена површинаили 1,2паркинг места за стан до 90м^2 и 1 паркинг место /40 м2 нето деловна површина. Органот надлежен за работите на урбанизмот дава одобрение за градење само на објекти во чијашто проектна докуметнација е дадено технички исправно решение на паркирањето и гаражирањето при што бројот на остварени паркинг места помножен со нормативот во оваа одредба ја дава вкупната развиена корисна површина по намени. Доколку во проектната документација не е дадено решение кое ја овозможува градбата до максималната висина за градба, органот одредува помала дозволена висина на изградба во која остварената развиена корисна нето површина поделена со нормативот за потребни паркинг места го дава бројот на паркинг местата остварени со проектното решение.

(2) Површината наменета за паркирање и гаражирање е целата површина на градежната парцела: дворното место и потребниот или можниот дел од површината за изградба на нивото на партерот. За потребите на паркирањето и гаражирањето во потребниот број подземни нивои одредена е вкупната површина под урбанистичките парцели. За потребите на паркирањето и гаражирањето во подземните нивоа можно е користењето на дел под површината на сообраќајниот коридор (заштитно зеленило, тротоар) за објекти за коишто тоа е единствениот начин да се постигне условот од оваа одредба и за

коишто органот надлежен за работите на урбанизмот ќе прибави услови и согласности од сите релевантни инфраструктурни, технички и имотно-правни аспекти, врз основа на графичкиот приказ на површини за подземно паркирање.

(3) Од целосно или делумно исполнување на условот од оваа одредба - сите создадени потреби од паркирање да се задоволат во рамки на урбанистичка парцела, се ослободени само аголни површини за изградба, за кои од надлежниот орган за сообраќај не е добиена сообраќајна согласност за сообраќаен пристап и паркирање во рамките на урбанистичката парцела или локации долж собирните и магистралните улици за кои важи истиот услов.

(4) Приодите, пасажите, пролазите и рампите кон дворните и подземните паркиралишта мора да се обезбедат во рамките на урбанистичката парцела, задоволувајќи ги важечките сообраќајно технички нормативи, при што нагибот на рампата мора да почнува најмалку 1,00 метар од регулационата линија. Пристапните пасажи и рампи мора да се ≥ 2,4 м. широчина во еден смер и ≥ 4,8 м. ако се влезно излезни за паркиралишта до 20 возила. Овие димензии за паркиралишта до 60 возила се ≥ 2,7 м. и ≥ 5,6 м, а за оние над 60 возила се ≥ 3,0 м. и ≥ 6,0 м.

(5) Косите рампи, доколку се во правец можат да имаат нагиб до 20% мах.. а ако се во кривина до 15%. Пролазната висина на сите пристапи и рампи мора да е ≥ 220 см. Минимално паркинг место е 240/480 см, а минимален простор помеѓу паркиралиштата за пролаз и маневрирање е 5,0 м. Минималниот внатрешен радиус на свртување на возила кој мора да се обезбеди во сите пристапи и простори за маневрирање е 3,0 м.

(6) Во паркиралиштата во кои вертикалната комуникација се обезбедува со лифтовска платформа мора да се задоволат следните дополнителни стандарди:

(7) Платформата да е со минимални димензии од 2,7/5,5 м. и пред неа на долните нивои мора да има најмалку 6,0 м. простор за маневрирање. Со една платформа заради брзината на празнењето на паркиралиштето можат да се опслужат најмногу 30 паркиннг места.

Член 20

Инфраструктура

(1) За спроведување на сите надземни и подземни објекти и инсталации од инфраструктура се обезбедени коридори помеѓу регулационите линии и во зависност од потребите и важечките законски и нормативни акти ќе бидат можни интервенции.

1. Трафостаници

(1) Локациите на ТС треба да бидат лесно пристапни со товарно возило од сообраќајница.

Во колку локацијата на ТС е предвидена во склоп на објект треба да се обезбедат следните услови:

- да биде во приземје на објект,
- лесно пристапна од сообраќајница,
- сите трафостаници кои се предвидени во склоп на градежните површини се во внатрешноста према дворното место и до нив треба да се обезбеди соодветен пристап према пропишаните норми
- темелењето на трансформаторите да биде издвоено од темелите на објектот
- да се обезбеди површина за да се задоволат пропишаните растојанија,
- да се превземат сите мерки за обезбедување од пожар,
- да се превземат мерки за обезбедување од вибрации и бучава предизвикана од работата на трансформаторот.
- да се обезбеди директна и природна вентилација.

(2) При проектирањето на поединечните блокови уште со добивање на извод, се обврзува Инвеститорот да соработува со соодветната служба на надлежното дистрибутивно претпријатие.

(3) Сите трафостаници кои се предвидени во склоп на градежните површини се во внатрешноста према дворното место и до нив треба да се обезбеди соодветен пристап према пропишаните норми.

2. Улична мрежа

(1) Магистралните улици имаат вкупен регулационен коридор од 16,50 м. (коловоз 10,50 м., обострани тротоари по 3,00 м), додека собирните улици имаат коловоз од 10,00м и тротоари по 3,00м.

(2) Градежните линии кај двете улици се на мин. 5,0 м. од регулационите, за објекти што треба да се градат.

(3) Станбените улици имаат минимален сообраќаен коридор од 5,5 и обострани банкини по 0,6 м. Градежните линии се на мин. 2,5м од јавната сообраќајна побвршина -паркиралиштата пред објектите.

3. Далечинско затоплување

(1) При изградбата на системот, со оглед на тоа дека се работи за вид на инфраструктурна инсталација, потребно е да се запазат нормите и техничките прописи за градба во урбана средина, во смисол на безбедност, сигурност во работата и функционалност.

(2) Цевната конструкција на разводот се сместува во армирано-бетонски, водонепропусни канали кои се водат на техно-економски оправдана длабочина. Истите се димензионираат така да овозможат лесна монтажа на цевната конструкција, а бетонскиот капак и страничните ѕидови треба го поднесуваат надземно оптоварување од 80 KH/м2. На места, каде што не може да се изведат овие канали, цевководите се водат надворешно.

(3) Во каналите во кој се сместени цевните водови се избегнува поставување на други инфраструктурни инсталации.

4. Водоснабдување

(1) Доследно да се спроведуваат мерките за заштита и планирање на просторот на сегашните и идните траси на водоснабдителната мрежа

(2) Водоснабдителната мрежа да овозможи нормално снабдување со вода при максимална часова потрошувачка и истовремена појава на пожар.

(3) Водоводните цевки од канализационите цевки се поставуваат на растојание од 3,5 м, а на вкрстните точки со канализационите цевки се поставуваат над канализационата цевка.

(4) Намалување на загубите на вода во водоснабдителната мрежа со редовно и совесно надгледување на работата на системот со перманентна грижа за негова состојба и редовно одржување.

6. Канализација

(5) Димензионирањето на канализационата мрежа се врши врз основа на специфичната потрошувачка на ден по жител, со примена на коефициенти на дневна и часова нерамномерност и густина на населението за поедини урбанистички блокови.

(6) Минимален пречник на фекалната канализациона мрежа изнесува ф 200 мм.

(7) За меродавна количина за димензионирање на атмосферската канализација усвоен е интензитетот на дождот од 110 л/сек/ха кој се јавува секоја втора година во времетраење од 15 минути.

(8) Минимален пречник на атмосферската канализација се усвојува ф 250 мм со минимална длабина на укопување од 1,0 м од површината на теренот.

Член 21

Смет

(9) Собирањето на домашниот смет со кое се загадува земјиштето ќе се врши локално во секоја урбанистчка парцела, во заеднички контејнери лоцирани на погодни места.

(10) Просторите мораат да бидат заштитени од домашни животини, да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со градската депонија Дризла.

Посебни одредби

Член 22

(1) Посебните одредби се однесуваат поединечно за секоја урбанистчка парцела и на целиот урбан блок, односно модул како целина.
Изградбата на новопредвидените објекти, доградби, надградби, реконструкции и адаптации на постојните објекти, како и изградбата на улиците и комуналната инфраструктура ќе се изведуваат според важечка законска и подзаконска регулатива, овие одредби, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во градежништвото.

(2) Во приземјето на новопредвидениот заеднички станбен објект-структура да се предвиди деловен простор за трговски, занатчиски, угостителски, интелектуални и други услужни дејности.

(3) Во табеларниот прилог прикажани се сите парцели со број, површина на парцела, максимална површина за габарит, процент на изграденост, максимална изградена површина, коефициент на искористеност, намена на површини и висина на венец. Урбаниот блок во случајот е еден урбан модул.

(4) Со овие одредби се одредени следните услови:

- облик и големина на градежната парцела
- површина во која може да се развие основата на објектот со оддалечености, максимална изграденост и коефициент на искористеност
- намена на објектот
- максимална висина на објектот од ниво на тротоар
- вид на кров
- насоки за архитектонско обликување
- сместување на возила
- насоки за изградба на огради

Член 23

(1) Со овој ДУП се претендира да урбанистичката парцела се поклопи со катастарската, секаде каде тоа е можно, додека оформувањето на нови е извршено во согласност на законот.

Член 24

(1) Котата на приземјето зависи од теренските услови и околните објекти и се утврдува со увид на лице место од страна на стручната служба, но не смее да биде повисока од 1,20 м. од котата на тротоарот.

Член 25

(1) Урбанистичкиот проект мора да ги опфати соседите парцели и мора да биде изработен на ажурирана геодетска подлога.

3. Преодни и завршни одредби

Член 26

(1) Овие одредби влегуваат во сила веднаш по усвојувањето на предлог планот.

KOMUNA E ÇAIRIT

ОПШТИНА ЧАИР

SEKTORI PËR URBANIZËM, ÇËSHTJE KOMUNALE DHE MBROJTJE TË MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Nr./Бр. 15-1/67-2 prej/од 18.02.2021 г.

ÇERTIFIKATË E PDU -ИЗВОД ОД ДУП

PDU / ДУП: _,, *SAUK ÇESHMA - 2*,,

,, *САУК ЧЕШМА - 2*,,

Vendimi / Одлука nr.бр.: *Бр. 16-9839* .

nga data / од : *30.08.2007*

Dedikimi i ndërtimit / Намена на градба:
/

Moduli urban /Урбан Модул : /
Parc.ndërtimore /Град.парцела: /

RR./Ул: /	**Nr. Бр. : /**
KK /KO: Центар 1	**PK ,КП: /.**
FD / ДЛ: 125	**M= 1:1000**

TREGUESI GRAFIK PËR PARCELËN NDËRTIMORE:
ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА :

TË DHËNAT E PËRGJITHSHME URBANISTIKE – ARKITEKTONIKE
ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО - АРХИТЕКТОНСКИ ПОДАТОЦИ

- Dedikimi **/**
- Намена **/**

- Lartesia mak. e lejuar deri te kurora
- Макс. Висина до венец: /

- Katet
- Катност /

- Siperfaqja e parcelës ndërtimore
- Површина на градежна парцела /

- Siperfaqja maksimale për ndërtim
- Макс. Површина за градба /

- Siperfaqja maksimale bruto zhvillimore:
- Максимална бруто развиена површина /

- Përqindja maksimale për ndërtim
- Макс. Процент на изграденост /

- Koeficienti mak. i shfrytëzueshmërisë
- Мак. коефициент на искористеност /

- Kushtet e komunikacionit
- Сообраќајни услови: /

- Kushte tjera
- Други услови **/**

Në bazë të këtyre të dhënave urbanistike-arkitektonike, është e nevojshme që të përpilohet projekt bazë për objektin në pajtim me dedikimin që është caktuar me plan, i cili është i nevojshëm për marrjen e Lejes për ndërtim.

Според овие урбанистичко-аритектонски податоци потребно е да се изготви основен за градбата согласно намената утврдена со планот кој е потребен за добивање на одобрение за градење.


Në pajtueshmëri me nenin 15,pika 1, nga Ligji për taksa administrative (“Gazeta zyrtare e RM” nr. 6/2010, 145/10, 17/11, 84/12), Organet Shtetërore janë të liruar nga pagesat e taksave administrative.

Согласно членот 15, точка 1, од Законот за административни такси (,,Службен весник на РМ,, бр. 6/2010, 145/10, 17/11, 84/12), Државните органи се ослободени од плаќање на административна такса.

Grafikisht përpiloi/ Графички изготвил:

Udhëheqës / Раководител:
Xhengis Hani, inxh. i dip. i ndr.

_____ _____


ЦОН КЕНЕДИ
ЦОН КЕНЕДИ
СЕРАВА
СЕРАВА
СЕРАВА
ПЛАНЧЕ НЕДЕЛКОВСКИ
ПЛАНЧЕ НЕДЕЛКОВСКИ
КЕМАЛ АТАТУРК
ЦВЕТАН ДИМОВ
КОСТА АБРАШЕВИК
ЈАНКОВСКА
ул. КРСТИЈАН ПОПОВИЌ-КАРПОШ
ул. ЈОВАН ЗОГРАФСКИ
ул. ЈОВАН ЗОГРАФСКИ
ул. ЈОВАН ЗОГРАФСКИ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

1.1 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.2 Во деталниот урбанистички план **класата на намени** за домување А1 и А2 заради флексибилноста на планот предвидено е зона за мешана намена со компатибилни класи на намени. За семејното домување во станбени куќи предвидено е во склоп на градежните парцели парковско зелнило, а за семејното домување во станбени згради предвидено е во приземјата на објектите можноѕт за мешана намена со мали комерцијални и деловни дејности, големи трговски единици, деловни дејности и парковско зеленило, што е во согласност со ГУП на град Скопје кој предвидува линеарни центри долж улица "Џон Кенеди".

1.3 **Градежна линија** се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба. За постојните легални градби кои се снимени во документационата основа, а за кои во урбанистичкиот план не се утвдуваат услови за идна градба, не се исцртува градежна линија, туку информативна црна линија.

1.4 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 78/06) постојат три вида на градежни линии:

- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 33 став 1 од овој Правилник.
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
- Подземна градежна линија со која се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

1.5 Градежната линија се спроведува со **дозволени пречекорувања** од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

-Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.

Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за градба се однесуваат на планираните градежни парцели и истите се дадени за секоја градежна парцела посебно. Застапени се следните класи на намена:

А1 - Домување во станбени куќи

Компатибилни класи на намени:

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени до максимум 30%

Максимален дозволен процент на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: 30%

Максимална висина до завршен венец: 10.20м.

Максимален број на катови: П+2+Пк

Потребен број на паркинг места: е дефиниран според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/2015, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и тоа за станбени куќи по 1 паркинг место на една станбена единица;

А2 - Домување во станбени згради

Компатибилни класи на намени:

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени до максимум 20%

Б2 – Големи трговски единици до максимум 30%,

Б4 – Деловни простори до максимално 20%,

Б5 – Хотелски комплекси 15%,

В3 -Култура до максимално 40%,

В4 -Култура до максимално 10%,

Д3 -Спорт и рекерација до максимално 40%,

Максимален дозволен процент на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: 40%

Потребен број на паркинг места: е дефиниран според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/2015, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и тоа за станбени згради во центарални градски подрачја едно паркинг место по станбена единица, а вон центарални градски подрачја на 80м^2 од вкупно изградената станбена површина по едно паркинг место.

Б2 - Големи трговски единици

Компатибилни класи на намени:

Б4 –деловни простори до 40%,

Максимална висина до завршен венец: 10.0м.

Максимален број на катови: П+1

Потребен број на паркинг места: е дефиниран според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/2015, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16,

33/17 и 86/18), и тоа за Б2 - Големи трговски единици по 1 паркинг место на секои 70м^2 од вкупно изградената површина.

За добивање на одобрение за градење за потребно е да се изработи Архитектонско урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (сл.весник на РМ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) и проектна документација - основни проекти.

В1 - Образование и наука (ОУ Никола Вапцаров)

Компатибилни класи на намени:

Д3 -Спорт и рекреација до максимално 20%,

Максимална висина до завршен венец: 12.0м.

Максимален број на катови: П+2

Потребен број на паркинг места: е дефиниран според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/2015, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и тоа за В1 - Образование и наука - основно и средно образование потребно е по 1 паркинг место на секои 100м^2 вкупно изградената површина.

В2 - здравство и социјални грижи

Компатибилни класи на намени:

Б1 – мали комецијални и деловни единици до 20%,

Д3 -Спорт и рекреација до максимално 20%,

Максимална висина до завршен венец: 12.0м.

Максимален број на катови: П+2

Потребен број на паркинг места: е дефиниран според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/2015, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и тоа за В2 - Здравство и социјална заштита - социјални установи и детски градинки по 1 паркинг место на секои 120м^2 вкупно изградената површина.

В4-државни институции

Компатибилни класи на намени:

Б1 – Мали комецијални и деловни единици до 25%

Б4 – Деловни простори до максимум 25%,

Максимален дозволен процент на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: 49%

Максимална висина до завршен венец: 12.0м.

Максимален број на катови: П+2

Потребен број на паркинг места: е дефиниран според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/2015, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и тоа В4 - Државни институции по 1 паркинг место на 80м^2 од вкупно изградената површина.

За добивање на одобрение за градење за потребно е да се изработи Архитектонско урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за

просторно и урбанистичко планирање (сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) и проектна документација - основни проекти.

Основни услови за изградба на максималната површина за градба и бруто развиена површина се:

- да се обезбеди задолжителниот минимален процент од 20% на зеленило во рамки на сопствената градежна парцела;

- да се обезбеди потребниот број на места за паркирање во рамките на градежната парцела според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ број 142/2015, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), како за основната класа на намена и за компатибилните класи на намена на градбата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-509/2 **од** 01.09.2026 година

Сектор за урбанизам, комунални
работи и заштита
на животна средина и лер
Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА 35 - БУТЕЛ 2
Измена и дополна

Одлука бр: 07-438 **од** 14.07.2000 год.

Намена на градба: /


ул. / **бр.** /

ДЛ: / **М** 1:1000

Графички и текстуален дел на следните страни

Изготвил,
Габриела Мерџановска град.тех.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Ана Младеновска д.и.а.


Б1
Б2
А
А
А
А
2
2
2
2
ТС
ТС
ТС
КИНО БУТЕЛ
МАКСИМАРКЕТ
ЦЕНТАР
ул. Никола Тесла
ул. Кузман Јосифовски Питу
ул. Никола Вапцаров
ул. Кузман Јосифовски Питу
ул. Никола Вапцаров
ул. Никола Карев
ул. Никола Карев
ул. Никола Вапцаров
ул. Никола Карев
ул. Никола Вапцаров
ул. Никола Карев
ул. Никола Вапцаров

1.5.НАСЕЛЕНИЕ

Со планот се предлага наголемување на површините за градба како и наголемување на висината (катноста) на постојните објекти. Со тоа ќе се наголеми и бројот на постојано присутно нселение, бидејки се добива и поголем број на станови. Без оглед на големината и структурата на становите, за пресметување на планираниот број на жители, земен е просек од 4 жители на стан спрема што се добива.

Планиран број на станови:

-блок 1		287 стана
- блок 2		91 стан
	ВКУПНО:	378 стана

Планиран број на жители:

-блок 1 (287x4)		1.148 жители
- блок 2 (91x4)		364 жители
	ВКУПНО:	1512 жители

Густината на населеност (бруто) за целиот локалитет:
1512 : 7,84 = 193 ж/ха.

ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Пред да се премине на наведување на општите и посебните одредби, за реализација на Детаљниот урбанистички план, неопходно е да се напомене дека составен дел на техничката документација се сите текстуални и графички прилози (како и легендите што се составен дел на графичките прилози) и дека, при спроведувањето на планот во реализација, задолжително е истовремено да се земат во предвид сите наведени прилози.

Потребно е да се напомене дека сето она што е наведено како ограничување (или дозволено одстапување), со техничката документација, треба задолжително да се почитува и спроведува. Се што не е наведено (случајно или намерно) како органичување се смета дека е дозволено.

2. ОПШТИ ОДРЕДБИ

2.1. Регулациона линија

Регулациона линија на графичкиот прилог, претставува линија на разграничување што ја одвојува градежната парцела од јавните површини (сообраќајници, јавно зеленило и сл.).

2.2. Градежна парцела

Градежната парцела претставува површина, односно простор, каде што е предвидена реализација на градежни објекти.

Целиот простор, во рамките на границите на урбаниот опфат, е поделен на градежни, урбанистички парцели. Најголемиот дел од предвидените (предложените) урбанистички парцели е усогласен со постојните, катастарски парцели.

Дел од урбанистичките парцели се оформени на површина на поголеми (постојни) катастарски парцели, односно на површина за која нема точен увид за поделба. Бидејќи по изготвувањето на Детаљниот урбанистички план во нацрт претстои и изготвување на предлог на Детаљниот урбанистички план, сите неусогласености на урбанистичките парцели со катастарските ќе бидат одстранети. Тоа значи дека е можна (и очекувана) измена во однос на предложените урбанистички парцели во поглед на големината, обликот и, евентуално, бројот. Аналогно на тие измени ќе бидат потребни и одредени измени во распоредот на површините за градба.

Елементи на секоја градежна, урбанистичка парцела се: граница на парцела, површина за градба ограничена со градежни линии и слободна површина (дворно место) —простор, во рамките на градежна парцела, помеѓу површината за градба и границите на парцелата.

2.2.1. Граница на парцела

Граница на парцела е линија (на графичките прилози) што раздвојува две урбанистички парцели.

Кај најголемиот број од предвидените урбанистички парцели границите на урбанистичките парцели се усогласени со границите на постојните катастарски парцели. Онаму каде што, заради недоволно податоци, не се усогласени границите на планираните урбанистички парцели со границите на постојните катастарски парцели исправката ќе се направи дополнително (во тек на изготвување на предлогот на Планот) под услов ако во меѓувреме се добијат дополнителните информации.

2.2.2. Површина за градба

Површината за градба (на графичките прилози) е дел од површината на урбанистичките парцели каде што е предвидено (дозволено) поставување, односно реализација на градежни објекти.

Во една урбанистичка парцела дозволена е реализација само на еден градежен објект (како што е назначено на графичките прилози).

Доколку површината за градба, што е одредена со планот, не се поклопува со постојниот објект во парцелата градењето во површината за градба е условено со рушење на постојниот објект.

Доколку, во една урбанистичка парцела, постојниот објект (со дел од површината на својата основа) навлегува во површината за градба можно е вклопување на постојниот објект (со неизменет габарит и димензии) во површина за градба која ќе се разликува од предложената, а ќе се реализира спрема посебните одредби на овој план.

Делумна изградба на предложената површина за градба (во рамките на една урбанистичка парцела) е можна кај поголеми површини за градба доколку е можно оформување на логични архитектонски целини кои нема да пречат на целосната реализација (дооформување) на предложената површина за градба. Исто така можна е и делумна реализација на максималната висина меѓутоа, во тој случај, само над целата предложена површина за градба. За да се докаже оправданоста на предвидените можности за етапна реализација неопходно е изготвување на проектна документација која ќе го аргументира предлогот.

Површината за градба, што на графичките прилози е ограничена со градежни линии, е максимална можна површина каде што е дозволена реализација на градежен објект. Во рамките на тие граници ќе се поставува (и реализира) градежниот објект спрема утврдените услови во однос на процентот на изграденост на земјиштето, односно коефициентот на искористеност на земјиштето, што ќе бидат дефинирани со посебните одредби и претставени во биланснитe показатели.

2.2.3. Градежна линија

Градежна линија (во графичките прилози) е линија што ја радвојува површината за градба од останатата површина во градежната (урбанистичка) парцела, односно тоа е гранична линија која одредува до каде може да се гради објектот.

Целата површина за градба, во рамките на една урбанистичка парцела, е означена (ограничена) со градежни линии.

Во основа ниту една од градежните линии (или поточно градежните рамнини што се издигнуваат вертикално над градежните линии) не смее да се пречекорува освен ако тоа не е поинаку регулирано со посебните одредби за реализација што ќе бидат наведени во продолжение на образложението.

Кај одделни урбанистички парцели некои од градежните линии се поклопуваат со граница на парцела.

2.3. Висина на објектите

Висината на објектите е претставена во графичките прилози, со ознака што ја дефинира висината на објектите изразена во метри (должни).

Висината ја означува котата на последната плоча (меѓукатна конструкција) на објектите сметано од котата на заштитниот тротоар.

Во основа, не е дозволено пречекорување (надминување) на масималната висина на објектите.

Што се може да се реализира над максималната висина и дали таа воопшто може да се пречекори (надмине) ќе биде образложено, во посебните одредби за реализација, за секоја урбанистичка парцела поодделно.

2.4. Кровови

Висината на кровот не навлегува во вкупната висина на објектот туку, со својата висина, во целост на надвишува максималната, односно дозволената висина за изградба.

Самата висина на кровот ќе зависи од начинот на покривање меѓутоа истата не смее да надмине 5,0 м. на максималната, односно дозволената висина за изградба.

Обликувањето на кровот зависи од изборот на проектантот така да е дозволена изведба на: едноводни, двоводни, троводни или четвороводни кровови, мансардни, прекршени; скалесто повлекување заради формирање рамни тераси и сл. Во просторот под покривот (со или без надозидување) може да се оформат поткровни простори со различна намена: станбен простор, ателје, помошни простории па и административно деловни простории.

За осветлување и проветрување на поткровниот простор дозволена е изведба на кровни бани или кровни прозори и други слични елементи.

Дозволената висина на кровот (5,0 м') може да се надвиши, доколку е неопходно, само со инсталациони канали, вертикални комуникации и технолошки инсталации неопходни за функционирање на објектот.

2.5. Намена на површините за градба

2.5.1. Становање

Во оваа намена спаѓаат сите вообичаени видови на индивидуално становање во семејни куќи со градини: самостојни објекти, двокуќи или објекти во низ – приземни или со повеќе нивои.

2.5.2. Мали локали

Во оваа намена спаѓаат следните содржини: трговија, угостителство, сите видови услуги (интелектуални, занаетчиски и сл.), претставништва, агенции, експозитури и друго со поединечна површина до 30 $м^2$, сместени во единствен објект.

2.5.3. Зеленило и слободни површини

Се однесува за сите слободни површини, што не се наменети за градба на објекти или за комуникации, покрај улиците како и во самите парцели, да бидат уредени со ниско, високо и декоративно зеленило.

Во рамките на овие површини да се предвидат и детски игралишта и, по можност, мини спортски терени.

2.6. Пристапи

До сите објекти (постојни и нови) обезбеден е пешачки пристап.

За дел од објектите до кои не е можно да се обезбеди сообраќаен пристап преку станбените (или собирните) улици предвиден е пристап преку јавните пешачки површини.

За сите објекти предвидено е паркирање во рамките на границите на сопствената парцела надземно или подземно, за секој објект поодделно, со пристап директно од улиците или преку јавните пешачки површини. Површината за подземно паркирање не е ограничена, односно за таа намена може да се користи целата подземна површина на парцелата.

2.7. Огради

Дворните огради може да се изведуваат со висина, најмногу, до 1,50 м и тоа на следниот начин: цокле од полна маса (тула, бетон или камен) до висина, најмногу, 45 см. од готов терен додека останатиот дел (до дозволената висина) ќе биде транспарентен.

Се предлага, колку што е можно повеќе, усогласување на оградите (во една силуета) како по висина така и по избор на материјалите.

2.8. Инфраструктура

Сите надземни и подземни објекти и инсталации од инфраструктура ќе се водат во коридорите помеѓу регулационите линии.

Неопходно е да се почитуваат трасите на постојните инфраструктурни, магистрални инсталации и, во зависност од потребите и важечките законски и нормативни акти во согласност со соодветните јавни комунални организации, ќе бидат можни и одредени интервенции.

2.9. Трафостаници

Сите потребни трафостаници (постојни и, евентуално, нови) се предвидени како самостојни објекти и за нив се предвидени посебни локации, односно градежни парцели. Локациите се лесно пристапни за товарни возила, а самите трафостаници не пречат на нормално одвивање на сообраќајот.

Доколку, од било какви причини, е неопходно да се премести некоја од предвидените трафостаници на друга локација тогаш и новата локација треба да е лесно пристапна за товарни возила и да не пречи на сообраќајот.

2.10. Обележување на блокови и објекти

Заради поедноставна идентификација на градежните парцели, односно блоковите каде што тие припаѓаат, извршено е нивно обележување во графичките прилози, каде што:

- првиот број го означува блокот
- вториот број ја означува градежната парцела, односно објектот во неа.

3. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

БЛОК 1

Парцелација

Парцелацијата е извршена спрема постојните катастарски парцели,освен за парцелите: 2.25; 2.26; 2.27; 2.28 и 2.29, кои се добиени со проширување на постојните катастарски парцели кои добиаат дел од постојниот, неорганизиран простор.

Намена

Индивидуално домување во семејни куќи со градини организирани како самостојни објекти, двокуќи или објекти во низ.

Дозволено е делумно или целосно пренаменување на просторот на објектите и предвидување на нови намени од област на комерцијални дејности, административни дејности, други видови становање и разни видови услуги. За делумно (особено целосно) пренаменување на површините за градба ќе биде неопходно изготвување на дополнителна техничка документација (архитектонско-урбанистички решенија) каде што подетално ќе бидат образложени и можностите на самата локација (со вклучување на соседните локации во анализите) за предвидување и реализирање на новата намена.

Не е дозволено да се предвидува било каков вид производство или работилници.

Дозволена висина за градба

За парцели: 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 1.8, 1.9, 1.10, 1.11, 1.12, 1.13, 1.14 и 1.15, максимално дозволена висина за градба е 10,00 м', сметано од кота на заштитен тротоар до кота на последна плоча.

За останатите парцели: максимално дозволена висина за градба е 7,00 м', сметано од кота на заштитен тротоар до кота на последна плоча.

Сите објекти чија што постојна висина ја надминува предвидената остануваат со постојната состојба во однос на висината.

Над утврдената максимална висина за градба можно е оформување на поткровен простор со намена што е дадена во општите одредби (2.4. Кровови).

Паркирање

Паркирањето, односно гаражирањето, ќе се решава во рамките на секоја градежна (урбанистичка) парцела поодделно.

Паркирањето може да се предвидува надземно или подземно додека гаражирањето ќе биде само подземно за што може да се користи и површина која е поголема од предвидената површина за градба.

Дозволени одстапувања од градежните линии

Не се дозволени одстапувања од утврдените градежни линии, освен за балкони.

БЛОК 2

Парцелација

Парцелацијата е извршена спрема постојните катастарски парцели, освен за парцели 2.25; 2.26; 2.27; 2.28. и 2.29, кои што се оформени со проширување на постојните катастарски парцели.

Намена

За парцела 2.6. комерцијална намена – комплекс локали наменети за продавници, разни видови услуги, занаетчиски дуќани.

За останатите парцели: максимално дозволена висина за градба е 7,00 м', сметано од кота на заштитен тротоар до кота на последна плоча.

Сите објекти чија што постојна висина ја надминува предвидената остануваат со постојната состојба во однос на висината.

Над утврдената максимална висина за градба можно е оформување на поткровен простор со намена што е дадена во општите одредби (2.4. Кровови).

Дозволена висина на градба

За парцели: 2.20, 2.21, 2.22, 2.23, 2.24, 2.25, 2.26, 2.27, 2.28 и 2.29, максимално дозволена висина за градба е 10,00 м', сметано од кота на заштитен тротоар до кота на последна плоча.

За парцела 2.6. Нмах. = 4,50 м, сметано од кота на заштитен тротоар до кота на последна плоча.

За останатите парцели: максимално дозволена висина за градба е 7,00 м', сметано од кота на заштитен тротоар до кота на последна плоча.

Сите објекти чија што постојна висина ја надминува предвидената остануваат со постојната состојба во однос на висината.

Над утврдената максимална висина за градба можно е оформување на поткровен простор со намена што е дадена во општите одредби (2.4. Кровови).

Паркирање

Паркирањето, односно гаражирањето, ќе се решава во рамките на секоја градежна (урбанистичка) парцела поодделно.

Паркирањето може да се предвидува надземно или подземно додека гаражирањето ќе биде само подземно за што може да се користи и површина која е поголема од предвидената пворшина за градба.

Дозволени одстапувања од градежните линии

Не се дозволени одстапувања од утврдените градежни линии, освен за балкони.

ИЗРАБОТИЛ,
дипл.инж.арх. Љупчо Павлов

Друштво за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС" Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-510/2 **од** 01.09.2026 година

Сектор за урбанизам, комунални
работи и заштита
на животна средина и лер
Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: БУТЕЛ 2 (бараки)

Одлука бр: 08-3261/1 **од** 31.05.1985 год.

Намена на градба: /

ул. / **бр.** /

ДЛ: / **М** 1:1000

Графички и текстуален дел на следните страни

Изготвил,
Габриела Мерџановска град.тех.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Ана Младеновска д.и.а.

С. Р. Македонија
ОКОЛИЈА СКОПСКА

ГР. СКОПЈЕ

Скопје/с лист 7.Н 11 / G 518 бр.85

НАСЕЛБА БУТЕЛ II

ЖЕЛЕЗАРА

ЖЕЛЕЗАРА

Југословенска железница

БУНКЕР ЗА РАСТОВАР НА РУДА

ЛОКАЛЕН ЦЕНТАР

КОМБ. ДЕТСКА УСТАНОВА

НАСЕЛБА БУТЕЛ II

ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ

ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ

Околија Скопска Л 7.Н.11 / G 518 1:1000
Гр. Скопје

Дешифрирал
Реституција извршил
Прегледал

Податоци за снимање
а) Фотограметрија год. 1964

РАЗМЕР 1:1000

Врска на листовите
73

Сврзал
Исцртал
Овиучил

ГЕОДЕТСКИ УПРАВА НА Р.М. СКОПЈЕ
ЗАВОД ЗА УРБАНИЗАМ
ФАЗА | ТЕХ. БР | ЛИС

ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ

ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ

ДНЕВНО СНАБДУВАЊЕ

1-7-82 г.

НАСЕЛБА БУТЕЛ II

ПРЕДЛОГ ЗА АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ КОНЦЕПТ ЗА ДОГРАДБА И НАДГРАДБА

М = 1 : 1000

- СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ КОИ СЕ НАДГРАДУВААТ
- ПОСТОЕЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ П + 1
- НОВОПРЕДВИДЕНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ П + 1

НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА

НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА

ГЕОДЕТСКА УПРАВА НА С. Р. М. СКОПЈЕ

РАЗМЕР 1:1000

Измена и дополнување на Одредбите за спроведување на Одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за населба "Бутел II"

Се врши донесување на измена и дополнување на Одредбите за примена и реализација на ДУП донесени со Одлука за донесување на Детален урбанистички план на Урбанистичка единица 35, населба Бутел II - Скопје, со измени и дополнувања на оваа Одлука објавени во ("Службен гласник на град Скопје" број 176/65, 202/66, 27/81, 26/82, 15/85 и 9/90).

Член 1

Предвидените габарити на објектите во графичките прилози на планот се ориентациони, а подетална површина за изградба на објектите ќе се утврдува со урбанистички проект, согласно закон, со примена на параметри од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр.69/99).

Член 2

При планирање на содржини за јавна намена и стопански дејности на нови или на постојни комплекси, на една урбанистичка парцела со урбанистички проект можат да се планираат повеќе објекти во зависност од намената и технологијата.

Член 3

Со спогодба - согласност на сопствениците на предвидена двокуќа со планот, може да се изврши одвојување во две семејни куќи со градини, врз основа на изготвен урбанистички проект согласно Правилникот. Се допушта врз основа на изготвени урбанистички проекти и согласност - спогодба од сопствениците на земјиштето да се изврши спојување на две или повеќе урбанистички парцели во една за изградба на семејни куќи со градина или друг вид на објекти со јавни содржини, предвидени со планската документација.

Член 4

На одредени содржини во рамките на Планот коефициентот на искористување на земјиштето (однос меѓу бруто развиена корисна површина на сите нивоа на објектот - без подземните гаражи, паркинзи) и површината на парцелата изнесува:

- за станбени објекти или комплекси до 1,5
- за стнбено деловни објекти или комплекси до 1,8
- во зоните со деловни содржини индустрија и трговија до 2,5
- во централните градски подрачја, утврдени со урбанистички план до 3,0

Член 5

Процентот на изграденост на локацијата изнесува:

- за семејни куќи до 60%
- за повеќе семејни - колективни станбени објекти до 70%
- за трговско деловни објекти до 80%

Минималниот процент на изграденост на парцелата за семејни куќи изнесува 30% за семејни куќи со парцели до 300 м², 20% за семејни куќи со парцели до 500 м² и 15% за семејни куќи со парцели над 1000 м².

Во случај кога парцелата не се гради со максимално дозволениот процент кога објектот ќе се доградува до максималниот процент, има третман на градба, а не на доградба.

За семејни куќи дозволено е етапно градење на објектот во висина. Ако објектот е со П + 2 нивоа, може во првата фаза да се реализира со П + 1 ниво, при што решението мора да претставува урбанистичко архитектонска целина. Во тој случај проектната документација го претставува објектот во целина, согласно планската документација и посебен прилог за етапна изградба. За повеќесемејни колективни станбени објекти и друг вид јавни и деловни објекти дозволено е етапно изведување во случај кога објектот се состои од повеќе ламели, кои претставуваат независна функционална целина и тие можат архитектонско урбанистички да се обликуваат.

Во процентот на изграденост на парцелата не се смета површината уредена со базени и други елементи од партерното уредување на парцелата.

Член 6

Индивидуалните станбени објекти предвидени со Деталниот урбанистички план и можните доградби на постојните објекти, треба да ги задоволат следните услови и критериуми:

- минималното растојание меѓу најистакнатите делови на габаритите на два соседни објекти да изнесува најмалку 6 м. независно од височината на станбените објекти во кој случај се дозволува изградба на прозори на станбените и помошните простории. При тоа треба да се задоволи условот за инсолација.

Член 7

При одобрување на етапна градба, претходно се изготвува урбанистички проект, за целата урбанистичка парцела, во која ќе биде презентирана можноста за етапна градба.

Со урбанистичкиот проект се решаваат заедничките елементи во урбанистичката парцела: паркирање, гаражирање, пристап, уредување на околниот простор, спортски и детски игралишта, зеленило, пешачки површини и др.

Член 8

На една урбанистичка парцела за станбена намена може да се изгради само еден станбен објект со максимално дозволени димензии - габарит и висина, дозволен процент на изграденост на парцелата и коефициент на искористување.

Се овозможува изградба на деловен простор во дел од станбениот објект ако претходно се почитуваат сите законски прописи и нормативи кои ја регулираат оваа проблематика а согласно член 9 алинеа 4 од Правилникот за планирање на просторот ("Сл. весник на РМ" бр. 69/99), но не повеќе од 50% од површината на објектот, за да не се наруши основната намена на истиот.

Член 9

Урбанистичките парцели наменети за живеење со градини можат да се оградуваат. Максимална височина на оградата изнесува 1,40 м. при што до височина од 0,6 м таа може да е полна, а над таа височина транспарентна.

Кога локацијата е на агол меѓу две улици, задолжително е оградата да е полукружна - да ја следи линијата на сообраќајницата или под агол од 45 степени со што се обезбедува прегледност во сообраќајните и пешачките движења.

За индустриски и друг вид производни комплекси и објекти и складишта, височината на оградата изнесува максимум 2,20 м од кои максимум 0,90 м како полна ограда а останатиот дел да е транспарентен.

Член 10

Со градежни линии, при планирање на површината за изградба на објекти во рамките на урбанистичката парцела, се означува растојанието до регулационата линија (главна - надворешна градежна линија), односно до границата на урбанистичка парцела (помошна - внатрешна градежна линија).

Ако регулационата и градежната линија се поклопуваат, на објектот може да се предвиди еркерно испуштање на фасадни декоративни елементи или кровни завршетоци над тротоарот со максимална широчина од 1 м и висина од 4,5 м над тротоарот, согласно урбанистичкиот проект.

Член 11

Кога објектот е дел од урбан блок, пожелно е во приземното ниво да се предвидуваат тремови со цел за заштита на пешаците од надворешни влијанија, со максимална широчина од 1,2 м и за истиот да се изготви урбанистички проект за издавање на услови на градба.

Член 12

При планирање на просторот, треба да се предвиди секоја градежна парцела наменета за домување да содржи минимум 20% зелени површини.

Член 13

За станбените објекти котата на првото ниво во однос на теренот изнесува максимум 1,2 м.

За административни и деловни објекти котата на првото ниво во однос на теренот изнесува максимум 0,4 м.

Член 14

Над котата на венецот на повеќесемејните - колективни станбени објекти, дозволено е предвидување на лифт - кука, вентилационен блок и сл. ако венецот се одалечи минимум за својата висина и не е видлив од тротоарот.

Член 15

На приземните делови од станбените и деловните објекти се допушта изградба на азаштитна настрешница согласно изработен урбанистички проект за целиот објект, со минимален пад на кровната површина.

Член 16

Кога паркирањето на возилата се решава во затворен - гаражен простор под нивото на теренот (со потполно вкопани гаражи - паркинг), во рамките на урбанистичката документација се утврдува подземна градежна линија оддалечена минимум 1,5 м од соседните урбанистички парцели.

Член 17

Во урбанистичкиот план се применуваат три основни групи на паркиралишта:

- паркиралиште покрај местото на домување
- паркиралиште покрај местото на работа
- паркиралиште со општа намена т.е. јавни гаражи и паркиралишта

Паркирањето односно гаражирањето на автомобилите се решава во рамките на градежната парцела односно во урбаниот блок.

За определување на минимален број на паркиралишни места се применуваат следните нормативи:

- за еден стан до 90 м^2 се обезбедува 1,2 паркинг места, а за стан со над 90 м^2 1,5 паркинг места.
- за деловни простории и трговија, едно паркинг место на 40 м^2.
- во образование на осум наставници 1 паркинг место.
- за магацин, индустрија, на 100 м^2 1 паркинг место.
- за театар кино и сл. за 10 посетители 1 паркинг место.
- за хотел, на 8 лежаи 1 паркинг место.
- за ресторан на 8 посетители 1 паркинг место.

- за иложбени сали, саеми на 20 посетители 1 паркинг место.
- за пазар на 8 м² 1 паркинг место.

Паркирање на улиците, под агол од 90 степени не е дозволено, освен во одредени случаи кај станбени и слепи улици.

Подолжно паркирање може да се предвиди на станбена, сервисна и собирна улица.

Член 18

Паркирањето и гаражирањето на возилата во индивидуалното домување за сите новопланирани објекти се предвидува во склоп на станбените објекти во (подрум, сутерен или во ниво на терен во зависност од теренот).

За новопредвидени и изградени објекти, каде се можни нови градежни зафати или доколку не постои самостоен помошен објект во дворното место кој може да се преадаптира за гаражен простор, може да се дозволи изградба на гаража во следните услови:

- Урбанистичките - архитектонски услови за изградба на гаражи - Подрачната единица на Министерството за урбанизам ќе ги одреди според просторните можности и теренските услови.
- Висината на вака предвидените гаражи да не достигне поголема висина од 2,50 м кон улицата а нагибот на кровот да е кон внатрешноста на дворот.
- Пред издавање на услови за градба да се изготви урбанистички проект.

Член 19

За совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи.

Рампа во смисол на став 1 од овој член се смета цврста, израмнета, рапава површина која поврзува две нивоа, чии нормален наклон изнесува 1 : 20 (5%) а максималниот наклон изнесува 1 ; 12 (8,3%). Минималната широчина изнесува 1,30 м.

Член 20

На јавните паркиралишта и на паркиралиштата кои се наоѓаат покрај здравствените домови, болниците, лекувалиштата, како и покрај објектите кои им служат на инвалидизираните лица, од вкупниот број на паркиралишни места треба да се планираат минимум 3% паркиралишни места за инвалиди.

На паркиралиштата со помалку од 20 паркиралишни места, кои се наоѓаат покрај амбуланта, продавница, пошта, ресторан или градинка треба да има минимум 1 паркиралишно место за инвалиди.

Член 21

Паркирното место од член 20 на овие Одредби мора да биде со големина 3,50/5,00 метри и видливо означено.

За паркирното место од став 1 на овој член се избира место кое е најблиску до јавната пешачка површина односно најблиску до влезната врата на некој објект.

Член 22

При проектирање на објекти за домување се применуваат следните стандарди и нормативи:

- височина на ограда на лоѓии, балкони, тераси, галерии и скалила е минимум 1,00 м мерено од завршниот под до горниот раб на оградата
- светлата ширина на влезната врата на станот изнесува минимум 0,90 м а 0,8 м за станбените простории
- минимални димензии на гаражно место во станбен објект изнесуваат 2,40 х 5,00 м а на гаражен бокс 3,00 х 5,40 м. Минимална височина на гаражата е 2,20 м
- пристапна рампа за гаражата е со пад максимум 12% или 16% ако пристапот е покриен
- при проектирање на визбеното ниво во заеднички станбени објекти - структури максимално треба да се предвидуваат гаражи односно паркинг простор односно да се одбегнува предвидување на визбени простории
- кај блоковските структури пасажот односно комуникацијата која е поврзува улицата со дворот изнесува во широчина минимум 3 м а во височина 3,60 м.

Член 23

При проектирање на јавни, деловни, деловни и индустриски објекти се применуваат следните стандарди и нормативи за проектирање:

- минималната широчина на скалите изнесува 1,30 м при што максималната височина на скалникот е 16 см а кај помошните скали а кај помошните скали минималната широчина на кракот е 1,10 м а максималната височина 19 см
- падот на рампи кон визба или врска со приземје изнесува максимум 10%
- на 100 работни места се предвидува 1 лифт, а за секој следни 100 уште по еден лифт.

Член 24

Градежната линија ја одредува границата на површината за изградба.

Градежната линија претставува пресек на вертикална рамнина со рамнината на теренот и го дефинира просторот за изградба на нивелетата на партерот до дозволената висина на градба.

Секаде каде што градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, постои обврска фасадниот ѕид од објектите да се постави на вертикалната рамнина која што е одредена со градежната линија.

Секаде кадешто градежната линија и регулационата линија не се совпаѓаат а градежната линија е поставена во урбанистичката парцела, таа ја претставува границата до која може да се поставуваат објектите.

Со одредбите се утврдуваат случаите кои делови од објекто можат да отстапат вон градежната линија. Никакви отстапувања не се дозволени кога градежната линија е поставена на 3 м од границата на соодветната парцела.

Исто така се допушта поместување на градежната линија во однос на веќе изградени и планирани објекти според изготвен урбанистички проект.

Член 25

Отстапувањата да се гради во вертикалната рамнина дефинирани со градежната линија се:

- елементи од второстепената архитектонска пластика како што се еркерите, балконите, конзоли, надстреи, стреи и сл. можат да излегуваат од градежната линија од просторот на сообраќајниот коридор 100 см поставени 450 см над тротоарот, согласно решението во урбанистичкиот план
- елементи од третостепена пласика како што се пиластри, венци, брисолеи и друга фасадна пластика, можат да излезат од градежната линија до 30 см
- првиот скалник од влезните партии и дуќаните може да излезат од градежната линија до 30 см но само на пешачки коридори и тротоари широки над 1,50 м.

Член 26

Отстапувањата да се гради вон вертикалната рамнина дефинирани со градежната линија се дозволени за:

- сите елементи од првостепената архитектонска пластика до 60% од растојанието помеѓу градежната и регулационата линија но не повеќе од 240 см. Во овие елементи влегуваат особено: влезни партии, тремови тераси. Овие пречекорувања можат да зафатат до 30% од површината на фасадата.
- сите елементи на второстепената архитектонска пластика (еркери, конзоли, балкони и др.) најмногу до 150 см вон градежната линија, но не повеќе од 50% од фасадата.

Во зоната на домуање определена со урбанистичките планови, при планирањето на станбенитеобјекти, минималното растојание меѓу станбените објекти се определува според степенот на инсолацијата, така да се овозможи осончување на приземните делови на соседниот објект од минимум 1 час во зимскиот период на 22 декември од јужната страна со агол на зрачење од 24 степени според подрачјето односно конкретниот локалитет.

Член 27

За колективното и индивидуалното домување во рамките на постојните парцели може да се предвиди надградба на колективни и индивидуални објекти - рамни тераси и постојни кровови во поткровни станови.
Доколку објектот има стреа, косината на кровот може да биде најмногу до 30%. Доколку косината на кровот почнува од горниот венец на објектот, таа може да биде најмногу до 60% со можно формирање на мансардни станови.

За дефинирање на урбанистичко - архитектонски услови за градба потребно е да се изготви идеен проект за целиот објект, во кој ќе бидат дадени габаритите материјалот и колоритната обработка во склад со постојната состојба на објектот.

Член 28

За колективните станбени објекти изградени пред земјотресот во 1963 год. се допушта доградба и надградба (поткровни станови) согласно Правилникот врз основа на претходно изготвен проект за сеизмичка стабилност на објектот.

Урбанистичките карактеристики (стандарди и нормативи) да се дефинираат со изработка на урбанистички проект за добивање на услови за градба.

Член 29

Вкупната бруто изградена површина на објектот е во директна зависност со големината на парцелата и се утврдува низ процентот на изграденост и коефициентот на искористување на земјиштето.

Како доградба и надградба на постоен објект, кој што е во рамките на планираната површина за градба, се подразбира нов градежен зафат чија што бруто развиена површина е помала од изградената.

Правото да се изгради дозволената бруто развиена површина се реализира доколку се исполнува условот да се обезбеди паркирање, гаражирање на потребниот број на возила утврдени се одредбите на планот.

Член 30

Ако се работи за зони лоцирани на терен во пад (над 10% косина,) утврдувањето на височината се врши со назначување на апсолутна кота до која може да се реализира изградбата на објектите, поврзана со визурата на соседните објекти и содржини од погорната зона, односно се назначува котата на слемето.

Височината на објектот во зоните се определува од нивото на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека (нулта кота) до завршниот венец на објектот (за рамни терени), односно слемето на објектот (за коси терени).

Број 07-306
од 17.05.2000 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општината Чаир
Слободан Близнаковски

ул."Павле Илиќ"

ул."Ѓемин Дураку"

ул."Добри Даскалов"

ул."Кросто Асенов"

ул."Христијан Тодоровски Карпош"

ул."Јосиф Јосифовски"

К.о.Гази Баба

Општина Гази Баба

Г.Б.Ш.

ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ

СПОРТСКА САЛА ПАРТИЗАН

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ04, БЛОК 07, ОПШТИНА ЧАИР - СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ПОВРШИНА	18.38 ха	РАЗМЕР	1 : 1000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ

NW=120‰ NNW=80‰ N=47‰ WNW=112‰ NNE=18‰ NE=13‰ ENE=19‰ W=180‰ C=7% E=41‰ SW=55‰ 28‰ 15‰ S= 21‰ SSE= 30‰ SE=62‰ WSW=123‰ ESE=84‰

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛИ: САШКО ИВАНОВ АНДРИЈАН ИВАНОВ	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ЧАИР, СКОПЈЕ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591	АНДРИЈАН ИВАНОВ мип ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674	
ПРИЛОГ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		
ТЕХ. БРОЈ	0801-07-07/26	ДАТУМ 09.2026	ЛИСТ 1

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП „СКОПЈЕ-СЕВЕР" ЦЕНТРАЛЕН ДЕЛ – ИСТОК, ОПФАТ „А", ОПШТИНА ЧАИР (ОДЛУКА БР. 07-2954/10 ОД 23.11.2012 ГОД.)

ДУП „СКОПЈЕ-СЕВЕР" ЦЕНТРАЛЕН ДЕЛ – ИСТОК, ОПШТИНА ЧАИР (ОДЛУКА БР. 07-698/4 ОД 29.05.2006 ГОД.)

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД БУТЕЛ 2 (ДЕЛ ОД М3 46) (ОДЛУКА БР. 07-71 ОД 22.02.2002 ГОД.)

ДУП БУТЕЛ 2, УЕ 35 – ИЗМЕНА И ДОПОЛНА (ОДЛУКА БР.07-438 ОД 14.07.2000 год.)

ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 04, БЛОК 07, ОПШТИНА ЧАИР (ОДЛУКА БР. 08-2199/14 ОД 14.12.2021 ГОДИНА)

ДУП БУТЕЛ 2 (БАРАКИ) (ОДЛУКА БР.08/3261/1 ОД 31.05.1982 год.)

ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 04, БЛОК 08, ОПШТИНА ЧАИР (ОДЛУКА БР. 08-1023/9 ОД 19.05.2021 ГОДИНА)

ДУП САЧК ЧЕШМА – 2, ОПШТИНА ЧАИР – СКОПЈЕ (ОДЛУКА БР.16-9839 ОД 30.08.2007 год.)

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ04, БЛОК 07, ОПШТИНА ЧАИР – СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ПОВРШИНА	18.38 ха	РАЗМЕР	1 : 1000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛИ: САШКО ИВАНОВ АНДРИЈАН ИВАНОВ	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ЧАИР, СКОПЈЕ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591	АНДРИЈАН ИВАНОВ mia ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674	
ПРИЛОГ	ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ		
ТЕХ. БРОЈ	0801-07-07/26	ДАТУМ 09.2026	ЛИСТ 2